Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

102 години

Број 560 www.mchamber.mk 23.02.2024




## ВРЕМЕ Е ЗА ТЕМЕЛНИ, СТРАТЕШКИ ПРОМЕНИ НА ДОСЕГАШНИОТ МОДЕЛ ЗА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ



## СОУ „БОГДАНЦИ“, БОГДАНЦИ - УСПЕШНА ПРИКАЗНА ЗА ДУАЛНИОТ КОНЦЕПТ НА ОБРАЗОВАНИЕ



## БИМИЛК СПРОВЕДУВА СЕОПФАТНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНСФОРМАЦИЈА

**18.02.2024, Саем „45. МЕЃУНАРОДЕН САЕМ ЗА ТУРИЗАМ И ДЕЛОВНИ СРЕДБИ“ на Белградски саем, Р Србија, 22-23 февруари 2024 година**

**19.02.2024, Семинар БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ОД АСПЕКТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ ПРОЦЕСИ**

**21.02.2024, Семинар НАПРЕДЕН EXCEL ЗА ФИНАНСИСКО ПЛАНИРАЊЕ**

**22.02.2024, Семинар ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА, СОРАБОТКА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО ПРЕКУ ЏОХАРИ ПРОЗОРЕЦОТ И МЕТОДАТА „POINTS OF YOU“**

**22.02.2024, Семинар КАКО РАБОТОДАВАЧИТЕ ДА ГИ УНАПРЕДАТ РАБОТНИТЕ ОДНОСИ И ДА СПРЕЧАТ РАБОТНИ СПОРОВИ ПРЕКУ УПОТРЕБА НА ИНДИВИДУАЛИЗИРАНИ И ПРЕЦИЗНИ ИНТЕРНИ ПРАВИЛНИЦИ**

**27.02.2024, Семинар КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА**

**27.02.2024, Семинар ПРИМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ВО РАБОТЕЊЕТО, ВО ПИСАРНИЦАТА И АРХИВАТА ПРИ ИЗГОТВУВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОКУМЕНТИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ, ЗАРАДИ НИВНО ОДБИРАЊЕ, СЕЛЕКТИРАЊЕ И ПОДГОТОВКА ЗА НИШТЕЊЕ ВО РАМКИ НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА**

**27.02.2024, Семинар КРШЕЊЕТО НА РАБОТНИОТ РЕД И ДИСЦИПЛИНА ИЛИ РАБОТНИТЕ ОБВРСКИ КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ОТКАЗ И ПОСТАПКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И ПРАВНА ЗАШТИТА, ДИСЦИПЛИНСКА ПОСТАПКА И ИЗРЕКУВАЊЕ ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ, ПРАВО НА ПРИГОВОР И СУДСКА ЗАШТИТА**

**28.02.2024, Семинар НАПРЕДЕНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ ЗА БРЗА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ**

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители






Посетете : www.mchamber.mk

ISO 9001:2015

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Азески именуван за придружен член на Европскиот економски и социјален комитет за 2024 година




Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија Бранко Азески е именуван како придружен член на Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) за 2024 година, во рамки на иницијативата на Европскиот економски и социјален комитет за вклучување на претставници од земјите-кандидати за членство во ЕУ во структурата на организацијата. Преку иницијативата за вклучување на претставници од земјите членки кои сè уште не се членки на ЕУ во својата структура, ЕЕСК е првата институција на ЕУ која на земјите кандидати им понуди специфична можност за вклучување и учество, која е предвидена како една од целите на Новиот план за раст на Западен Балкан, за инклузивна интеграција на економиите од Западен Балкан кон ЕУ.

Во текот на 2024 година, како дел од Европскиот економски и социјален комитет, Азески ќе има можност да учествува во целиот процес на изготвување на мислења на ЕЕСК (учество во студиски групи, учество на состаноци на секциите и пленарни сесии, со што се заокружува процесот на ЕЕСК за изготвување на мислење) и да обезбедува придонес во процесот на изготвување на голем број избрани мислења на ЕЕСК (легислативи, истражувачки или мислења со сопствена иницијатива) за теми каде нивното учество е особено важно, како што се важни законодавни мислења поврзани со проширувањето, мислења за прашања од паневропска и глобална важност и водечки мислења на ЕЕСК од општа природа.

Активното вклучување на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија директно во работата на органите и телата на Европската Унија е во насока на остварување на зацртаните цели на Комората да обезбедува советодавна поддршка и насоченост на македонските компании во процесот на пристапување кон ЕУ, и остварување на визијата на Комората на иднината, во функција на членките.

### Одржана трибина и промоција на книга со наслов: „Стратешки документи на комората“

## Време е за темелни, стратешки промени на досегашниот модел за економскиот развој



Дојдено е време за промена на досегашниот модел на економски развој. На земјава и е потребна модерна реиндустријализација, структурна трансформација на извозот, намалување на учеството на сивата економија, но и општествен консензус за економски реформи, политики и мерки. Ова се едни од клучните пораки што беа пренесени од бизнис заедницата на денешната трибина и промоција на книгата „Стратешки документи на комората“ чии автори се Бранко Азески, претседател на Стопанската комора и проф. д-р Дарко Лазаров, професор на Економски факултет, УГД – Штип и претседател на клубот на извозници при СКСМ.

На трибината, претседателот на Стопанската комора Бранко Азески, се осврна на четирите стратешки докумети на кои се базира книгата: 1) Време е за промена на досегашниот модел на економски развој; 2) Модерна реиндустријализација и структурна трансформација на извозот како фундаментални процеси во забрзување на растот на македонската економија; 3) “Сивиот дел” на македонската економија: големина, импликации, решенија; 4) Декларација за општествен консензус за економски реформи, политики и мерки.



Тој потенцираше дека токму овие докумети, изготвени и презентирани од страна на комората во изминатите години, се патоказ и основа на која треба да почива идниот развој на македонската економија. Важно е креаторите на политиките во државата да сфатат дека политиката е таа која треба да го следи бизинисот, а не бизнисот политиката.

Учесниците на трибината, дел од ко-авторите на книгата и долгогодишни соработници на Комората, потенцираа дека реформи во државата се неопходни но за жал ги нема, главно поради немање политичка волја и поддршка, но и поради слабиот квалитет и капацитет на администрацијата за спроведување на потребните реформи.

Бизнис секторот уште еднаш потсети дека и домашните комапнии имаат капацитет, знаење и долгогодишно работно искуство, но им недостасува поголема поддршка. Економијата не може да се развива ако сите капитални проекти ги работат странски фирми, затоа е потребно да се води повеќе сметка за ангажманот на домашните компании. Апелираат дека е крајно време некој да го препознае нивниот напор, Македонија да стане земја препознатлива по вредните и квалификуваните работници кои произведуваат работи со додадена вредност.

Стопанствениците апелираат во периодот што следи фокусот на идната Влада да биде економијата. Првично мора да се реши проблемот со сивата економија и работата на црно. Подобрување на патната инфраструктура и инвестиции во енергетиката мора да бидат приоритет за следните 10 години. Но и државата да ги намали парафискалните давачки кои на компаниите им прават дополнителен притисок во задржување на ликвидноста.

Беше заклучено дека е потребно сите чинители на политиките да ги прочитаат овие стратешки документи со коишто се предлагаат рационални но и остварливи решенија. Институционалниот капацитет и потенцијалот кој го поседува комората може да биде ставен во функција на бизнисот и на развојот на македонската економија, што треба да биде сврзно ткиво околу кое ќе се обединат сите чинители во државата (академијата, бизнисот, државата и граѓанскиот сектор) за повисоки стапки на раст и развој во иднина.

На трибината учествуваа и студенти од Економскиот факултет при УГД - Штип, на којашто имаа можност да ги слушнат согледувањата на бизнис секторот за моменталните и идни состојби во бизнисот и македонската економија. Бизнисот едногласно посочи дека младите луѓе треба да бидат моторот на идниот развој на државата и дека тие се целосно подготвени да соработуваат со Универзитетите со цел младите луѓе да стекнат практични вештини и претприемничко знаење кое подоцна ќе го искористат за вработување во приватниот сектор но и за отворање на сопствени бизнисот.

## НОВИ ПАРТНЕРСТВА ЗА СТЕКНУВАЊЕ ВЕШТИНИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ВО ДРВО-ПРЕРАБОТУВАЧКАТА ИНДУСТРИЈА



Развојот на технологијата, сè поголемата дигитализација, како и потребите на пазарот на труд, наметнаа промени во образовниот процес кои бараат поинаков пристап во стекнување на знаењата, вештините и компетенциите. Образовните институции не се секогаш во состојба да одговорат на многубројните потреби на компаниите и да понудат развиени практични вештини кај младите. Затоа, соработката меѓу образовните институции и работодавачите е неопходна, со цел кадрите што се образуваат преку стручното образование да се стекнуваат со соодветни компетенции кои ќе бидат апликативни на идните работни места. Алката која ги поврзува училиштата и компаниите во овој процес е Стопанската комора на Северна Македонија. Стратегијата на која интензивно работи Комората во последните неколку години е токму вклучување на учениците од средните стручни училишта во работните процеси преку реализација на практична обука во компаниите и поголема соработка меѓу училиштата и работодавачите.

Како резултат на интензивирањето на овие активностите, во Стопанската комора на Македонија беше реализирана средба на компанијата Софа студио ДОО од Скопје и СУГС „Георги Димитров“ од Скопје. Работната средба резултираше со Меморандум за соработка, со кој ученици од СУГС „Георги Димитров“ ќе реализираат практична настава, како во производниот погон на Софа Студио ДОО, така и во продажниот салон, каде се разработуваат идеите со кои клиентите најдобро ќе го искористат и уредат домот или канцеларијата.

Воедно, компанијата Софа студио ДОО, Скопје, ќе биде вклучена и во идните активности во Центарот за микро, мали и средни компании кој неодамна беше формиран во рамките на Стопанската комора на Северна Македонија.

Пред вклучување во процесот на стручното образование и обука Софа студио ДОО, ги помина процесите на осигурување на квалитет во реализацијата на практична обука на ученици кои ги спроведува Стопанската комора.

Претставници од компанија успешно ја заврши обуката за ментори за спроведување на практична обука на ученици, а на 28.12.2023 година, согласно увидот на лице место на работните простории на компанијата од страна на Комисијата за верификација на работодавачите за спроведување на практичната обука за ученици од Стопанската комора на Северна Македонија, се стекна со Решение за верификација на работодавачите за реализација на практична обука на ученици.

Софа Студио ДОО е со над 16 годишна традиција на постоење. Основана е 2007 година. Основната дејност е производство и продажба на високо квалитетен тапациран мебел. Тоа што го прави Софа Студио поразлично од останатите студија за производство и продажба на мебел, е целосно ставање на фокусот на потребите на клиентот, односно прилагодување на бараните производи на желбите и можностите на клиентите, преку реализација на нивните замисли за софистициран животен или работен простор.

Менаџерскиот тим на Софа Студио е составен од ентузијасти, лица со инженерска позадина, професионалци во својата област, лица со претприемачки дух, на чија што макотрпна работа се должи долгогодишното постоење на компанијата на домашниот и странските пазар со визија за раст и развој, Софа Студио ДОО, да стане водечки бренд за производство и продажба на мебел и компанија со автоматизиран процес на производство.



# Азески во Брисел на средба со Жорж-Луи Бушез



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија кој годинава е и претседател на Асоцијацијата на балкански комори (АБК), Бранко Азески во Брисел имаше работен ручек со Жорж-Луи Бушез, претседател на владејачката партија Реформистичко движење (Mouvement réformateur-MR). Средбата се одржа во седиштето на партијата, каде присуствуваше и Марија Кумбароска, претставникот на Стопанската комора во Брисел.

На средбата се разговараше за неколку прашања, вклучувајќи ги и моменталните односи помеѓу Белгија како претседавач на Европската Унија и Балканските земји. Се констатира дека за бизнисите на двете страни е битно да се помогне на Асоцијацијата на балкански комори во земјоделието и во судството, за да не се изгуби драгоцено време во подготовките за отпочнувањето на преговорите.

Договорено е и организирање на средба помеѓу американските бизнисмени со потекло од Македонија и Бизнис советот на Балканскиот коморски инвестициски форум во Брисел во јуни, која ќе стане традиционален настан. Исто така, утврдена е соработка на инвеститорите од Бенелукс и Балканот.

Претседателот на Стопанската комора Азески му посака голем успех на претстојните федерални избори во Белгија и го покани да ја посети Македонија. На фотографиите од средбата се забележува зградата на Палатата на правдата во Брисел од 19 век, најголема во светот, која можеби ќе биде симболот на соработката помеѓу двата региона и во спортот бидејќи г. Бушез има свој фудбалски клуб.



# Неопходна е поддршка на извозот и заедничка стратегија за надминување на постојните предизвици




д-р Јелисавета Георгиева Јовевеска, потпретседател на Стопанската комора на Сверна Македонија и генерален секетар на Националниот совет за извоз говореше за ризиците со кои ќе се соочува македонската економија и во 2024 година.

Во интервјуто кое Ирена Каревска од Bloomberg го имаше со Георгиева Јовевска се даде осврт на отежнатите услови за работење во надворешно-трговската размена поради рецесиското опкружување во Европа, падот на нарачките од Германија како и за тоа какви текови најавува 2024 година во поглед на условите за извоз за македонските компании и кои се притоа главните ризици.

Георгиева Јовевска во интервјуто се осврна и на ризиците за работење предизвикани од отежнатиот транспорт преку Црвеното море заради вооружените напади, кои секако дека можат да влијаат и врз трговијата меѓу Македонија и Кина која има тенденција на пораст но со која земја имаме дефицит. Беше подвлечено дека, генерално, нападите во Црвеното Море ја загрозуваат светската трговија. Суецкиот канал, кој го поврзува Црвеното Море со Средоземното Море е најкраткиот воден пат меѓу Европа и Азија. Пример, според пресметките од еден европски аналитичар, ако го земеме на пример патот во две насоки од Шангај до Ротердам, заобиколувањето преку Р'тот добра надеж ги зголемува само трошоците за гориво до милион долари, па оттука можеме да замислиме колку кратно се зголемуваат и обременуваат трошоците за компаниите па и со тоа за крајните корисници односно потрошувачите. Но, очекувањата се дека нарушувањето ќе биде временски ограничено и нема да предизвика и големи инфлаторни пореметувања.

Тука, клучна улога има Националниот совет за извоз кој се имплементира во партнерство со УСАИД и кој работи во насока на креирање на мерки за поддршка на извозните компании. Националниот совет за извоз има зацртано во оваа година да се формира Институтот за извоз со главна цел развивање на капацитетите на човечките ресурси преку одржување на обуки и работилници за извозно ориентирани компании и Дигитална платформа за извоз кое ќе ја олесни извозната промоција на компаниите, преку обезбедување на корисни податоци и информации кои се од особено значење за надворешно-трговското работење.

Многу е важна поддршката од сите чинители и синергијата меѓу бизнисот и државата која треба да се насочи во насока на поддршка на една од најважните сегменти на македонската економија, односно извозот. Золемување на извозот, заедно со добрата инфраструктура и инвестициите преку заеднички именител-кадарот, се клучните елементи за зголемување на стапката на раст на македонската економија.

# „ВИВА“ ВО ДРУШТВО СО НАЈГОЛЕМИТЕ СВЕТСКИ БРЕНДОВИ НА GULFOOD 2024




На светски реномираниот саем за храна и пијалаци Gulfood 2024, што се одржува во Дубаи од 19 до 23 февруари, најголемиот македонски производител на природни овошни сокови, нектари, пијалаци, smoothie и преработувач на овошје – ВИВА, ја потврдува својата тридецениска успешна приказна во оваа индустрија на светската сцена. Годинешниот Gulfood, се одржува под мотото “Вистинска храна, вистински бизнис” и го привлекува вниманието на врвни компании и професионалци од целиот свет, со учество на повеќе од 5.500 изложувачи од преку 120 држави.

Оваа година, ВИВА се издвојува како сребрен спонзор на настанот, што е огромен успех затоа што за првпат една македонска компанија се стекнува со вакво признание на Gulfood, кој се смета за најпрестижниот и највлијателен саем во секторот на храна и пијалаци на Блискиот Исток, но и глобално.

Саемот претставува можност за презентација на беспрекорниот квалитет на производите на ВИВА, отворајќи врати кон нови деловни соработки и ширење на пазарното присуство на брендот на глобално ниво. Како единствена македонска компанија која учествува на годинешниот Gulfood, ВИВА прикажува спој на квалитет и иновативност во прехранбената и преработувачката индустрија, рамо до рамо со светските брендови во оваа деловна сфера.

Брендот е препознатлив по успешното претставување на саеми од овој калибар, меѓу кои и саемот Анугa во Келн, Германија, и е синоним за врвен квалитет, доверба и традиција. Компанијата постојано се фокусира на иновации, модернизација на производствените процеси и капацитети, како и развивање на нови категории на производи согласно трендовите во индустријата за сокови и пијалоци, како и за здрава храна. Учеството на Gulfood 2024 воедно претставува можност за отварање на нови деловни партнерства пред сè на најбрзорастечките пазари на Блискиот Исток, но и на други светски дестинации.

Со ова се отвараат и нови перспективи во работењето на комапнијата, зголемување на производствените капацитети, извозот и етаблирање на брендот ВИВА како најголем македонски производител на светските пазари.



# БИМИЛК СПРОВЕДУВА СЕОПФАТНА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНСФОРМАЦИЈА



Фотоволтаичната централа за создавање обновлива енергија, адаптација на енергетските постројки за користење на природен гас како гориво, како и имплементација на стандардот ISO50001 наменет за менаџирање со енергија, се чекорите што ги презеде Бимилк за постигнување целосна енергетска трансформација.

Компанијата, која е долгогодишна членка на Стопанската комора на С. Македонија направи крупни чекори во енергетската трансформација во изминатиот период. Во време на економска и енергетска неизвесност, влезе во инвестирање во енергетски системи кои освен што го рационализираат работењето и ја подобруваат енергетската независност, се истовремено одржливи и развојни и повлекуваат долгорочно дејствување во истата насока. Ваквите промени се значајни за иднината на компанијата и се вложување во сигурна оперативност, со позитивно влијание врз животната средина, со што се дава придонес и кон поширокиот јавен интерес.

На тој начин, Бимилк со свој пример ги покажува придобивките од енергетската трансформација во бизнис секторот. Вакви примери се важни за целата држава, но особено за регионите со јаглен како Битолскиот. Преминот кон обновливи извори, заштедата на електрична енергија и рационалната употреба на ресурсите се само некои аспект на одговорното однесување на компаниите. Влијанието и подигнувањето на јавната свест со поставување пример е другиот исто толку важен аспект.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 27.02.2024 - 28.02.2024**

## КОНТРОЛА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИОНИОТ СИСТЕМ ПРЕКУ ИТ РЕВИЗИЈА

Безбедноста на информациите и воспоставување контрола е многу важно, но кога безбедноста на информациите не е загрозена може да се случи да се загрози интегритетот на податоците, односно информациониот систем да биде недостапен или несигурен. Како и во ИТ-безбедноста, пропустот може да не се забележи веднаш кога е направена штетата.

Дефинирање на ИТ-контролата, нејзината примена и соодветен третман на ИТ-ризиците можат да бидат добра основа за безбедно користење на напредните технологии, во насока на остварување на целите на компанијата. Редовна контрола на ИТ-системите и континуирано унапредување може да резултира со бенефиции од истите, што ќе се рефлектира со постигнување на посакуваните резултати преку ефикасен и ефективен начин. Од друга страна, правилното управување за безбедност, достапност и интегритет на ИТ-системите ќе го определи времето за постигнување на целта, низ навремено препознавање на информацискиот ризик и соодветна заштита.

Што добиваат учесниците?

Семинарот на учесниците ќе им овозможи да стекнат основни и напредни знаења и вештини за спроведување на контрола на информационите системи како во големите компании, така и во малите компании. Учесниците постепено ќе се запознаваат со ИТ контролите кои треба да бидат воспоставени, во насока на воспоставување на сигурно и безбедно работење на информациониот систем и соодветна подрршка на деловните процеси.

Целта на семинарот е учесниците да се стекнат со основно и напредно знаење и разбирање на ИТ ризиците и контролата која се применува за да се намали или елиминира влијанието на ризиците, како и да стекнат подобро разбирање и поголем апримена на ИТ ревизијата во Вашата компанија.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар 28.02.2024**

## КАКО ДА СЕ ПОДИГНЕ ВАШАТА КОМПАНИЈА НА ПОВИСОКО НИВО? МАПИРАЊЕ ПРОЦЕСИ, KPI, LEAN-SIX SIGMA

Целта на семинарот е пред се` запознавање на учесниците со концептот на успешно управување со компанијата, преку употреба на современи алатки, техники и методологии, со чија правилна примена можеме: да го организираме и управуваме производството преку сите негови процеси и тоа преку зголемување на ефективноста и ефикасноста; оптимизацијата и организацијата на работните места, штедејќи ги човечките ресурси и  при тоа директно влијаејќи на зголемување на продуктивноста и намалување на повредата на работа; да се препознаат местата во прозиводството каде се додава вредноста на производот; да се воспостави и да се одржува ефикасна комуникација помеѓу производството со продажбата и набавката; да се оптимизира времето потребно за производство на  одреден производ преку оптимизација на ресурсите; да се изгради систем на континуирано подобрување со што секој вработен ќе придонесе за унапредување на начинот на работа на своето работно место, со тоа што истите ќе се да се мотивираат и ќе бидат активни чинители за воспоставување систем за континуирано подобрување.

Семинарот е наменет за сите оние кои се вклучени во процесите на управување со компанијата, односно управители, директори (членови на топ и среден менаџмент) и сите вработени лица кои се вклучени во планирање/организирање и реализација на процесот на производство; контролинг на производството; дизајн и развој на производот (раководители на оперативна и техничка подготовка); менаџери на квалитет и сите останати лица кои ќе препознаат барем 20% од долунаведените ситуации во својата компанија, на кои овој семинар ќе им биде одлична прилика за да се научат предлог-решенија што веќе се докажани во пракса.

Контакт лица:
м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 28.02.2024**

# ИНТРАХОСПИТАЛНИ ИНФЕКЦИИ ПРЕВЕНЦИЈА И КОНТРОЛА, ПОСТАПУВАЊЕ СО МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

*Интра хоспитални инфекции–општ осврт од аспект на законска регулатива(правилник за поблиски критериуми за спречување и сузбивање на ИХИ);*

*Интра хоспитални инфекции-превенција и контрола (хигиена на раце темел на добра превенција на ИХИ) и*

*Постапување со медицински отпад*

На оваа работилница ќе се дискутира за законските критериуми за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции (ИХИ). Законските обврски на здраствените установи за пријава на ИХИ. Значење на ИХИ во здраствените установи. Постапување со отпадот во здраствените установи.

На работилницата ќе бидат опфатени следните теми:

1. Правилникот за поблиски критериуми за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции, пријавување на интрахоспитални инфекции, Правилникот за начинот на пријавување и формата и содржината на обрасците за пријавување Интра хоспитални инфекции. (Законска обврска на Директорите на Здравствените установи да формираат Комисија за следење и контрола на Интра хоспитални инфекции и да донесат Програма за спречување и сузбивање на Интра хоспитални инфекции, план за работа на Комисијата за Интра хоспитални инфекции, изготвување на препораки упатства и протоколи за спречување, сузбивање, превенција и контрола на Интра хоспитални инфекции).

2. Интрахоспитални инфекции –општ осврт, контрола и првенција

3. Постапување со медицински отпад-правилник за начинот на постапување со медицинскиот отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад.

Предавач ДМС Марина Ангелеска-специјализирана за ментално здравје, одговорна за следење и контрола на Интра хоспитални инфекции.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk



**Семинар 29.02.2024**

# ЗАКОН ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР И ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИ-Правата и обврските на субјектите на надзор при спроведување на инспекциски надзор, посебни дејствија во инспекциска постапка

Постапките за вршење на инспекциски надзори,основните начела на инспекциски надзор,информираноста за вашите права и обврски при спроведување на инспекциските надзори се важен сегмент за успешно функционирање на Вашата компанија. Улогата на инспекторите не е само вршење на надзор туку и воедно и зголемување на свесноста и информираноста на субјектите со цел да се постигне поголемо ниво на усогласеност. Стандардизација на инспекциските постапки допринесува да се воспостави систем на инспекциски надзори кој е потранспарентен, предвидлив и одговорен.

Семинарот има за цел, да ја подобри информираноста за вашите права и обврски кога сте предмет на инспекциски надзор.

Предавачи:

- Д-р Ленче Максимовска, долгогодишен раководител во Државен санитарен здравствен инспекторат при Министерство за здравство на Република Северна Македонија и
- Чедомир Стефаноски, магистер по граѓанско право , советник за претставки и предлози во Инспекциски совет.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

Посетете:
www.mchamber.mk

Ве очекуваме!

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

102 години

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088